На 23 ноември 2016 г. се одржа работилница под наслов „**Зајакнување на улогата на граѓанските организации во Македонија за развојна помош**
”. Учествуваа 11 претставници на граѓански организации кои веќе делуваат или пак имаат потенцијал за делување на оваа тема. Целта на работилницата беше запознавање на организациите со глобалните трендови, и политики особено на ЕУ, како и нивната улога во развојната помош, како и дискусија за утврдување на чекорите за вмрежување, едукација и застапување.



Беа дефинирани термините „развојна соработка“ (development cooperation) и „развојна помош“ (development aid). Првиот, како активност чија цел е да ги поддржи националните или меѓународните развојни приоритети, која не е водена од профит, не дискриминира во полза на земјите во развој, и е заснована на соработка со цел зајакнување на сопственоста врз процесите од страна на земјите во развој. Вториот, како пренос на ресурси од држави-донатори на држави во развој.

Учесниците се информираа за значењето на развојната помош во процесот на преговори со ЕУ како и потребата од вклучување на граѓанското општество во поглавјето 30 - Надворешни односи во преговорите на земјите за членство во ЕУ. Земјите членки и оние кои пристапуваат кон ЕУ треба постепено да го усогласат националното законодавство со ЕУ, како и со меѓународните обврски. Потребно е и постепено усогласување на политиките и позициите на земјите кандидати кон трети земји и кон меѓународните организации, со политиките и ставовите усвоени од страна на ЕУ.